| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Здравјето треба да се чува |
| **Содржина на денот** | Мојата куќичка |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Татјана Ч. Јовановска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за здравите навики кои го чуваат нашето здравје и ни овозможуваат да растеме правилно и здраво. Потсетување на правилниот редослед за миење раце. |
| **Активности** | Преку насочените игри ги поттикнуваме мисловните процеси кај детето, ја будиме креативноста и овозможуваме да ја развива истрајноста во превземените активности .<br>Започнуваме со ликовна активност „Како најлесно да нацртаме куќа”. На детето му понудувате цртачки материјал (дрвени, мрсни бои, фломастери), пред да започне со цртање можеме да му демонстрираме како да нацрта куќа, а потоа детето работи самостојно. Кога ќе нацрта разговарајте за тоа што нацртал и како изгледа неговата куќичка.<br>Во продолжение може да му предложите да си одбере една кукла, играчка за која ќе изградите куќичка од пластични, дрвени коцки , блокови и постапно ќе ги опишувате деловите на куќата. Можете да ги користите и математичките форми како коцка за куќа, правоаголник за врата , триаголник за покрив.<br>На крај понудете му на детето шаблон (танграм) од куќичка нацртан на лист и исечени готови форми кои ќе треба да ги намести правилно во шаблонот. Кога правилно ќе ги намести, залепете ги со лепак. |